# Australian Macedonian TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIII No 1937 10 NOVEMBER 2023 FREE



FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


## ВО МЕЛБУРН:



# ОДРЖАН МАКЕДОНСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА И ВИНО

## ПРВА ПОСЕТА НА АВСТРАЛИСКИ ПРЕМИЕР НА ПЕКИНГ ОД 2016 ГОДИНА:



# КИНА И АВСТРАЛИЈА ВРТАТ НОВ СТРАНИЦА

# ТРГНАТА МЕРМЕРНАТА ПЛОЧА СО КАРТА НА ГОЛЕМА АЛБАНИЈА ВО КУМАНОВСКО СОПОТ

**Гласачите да го помнат ова догодина: Музејот на УЧК во Сопот е на узурпирано државно земјиште, а картата на Голема Албанија ја промовираше Али Ахмети лично (коалиционот партнер на Ковачевски и СДСМ)**







EZEVO RAKIJA

Australian Grape Brandy Distiller of the Year 2023

- Australian Made
- Double Distilled
- Quality Shiraz Grapes from the Barossa Valley
- Modern Filtration Techniques

- Австралиско производство
- Двојно дестилирано
- Квалитетно грозје Шираз од долината Бароса
- Современа техника на филтрација

Достапно низ цела Австралија. За информации јавете се во Kabina Distilling на 03 9046 2427.
Каде се продава, видете на www.kabinadistilling.com или контактирајте со Flox Wine and Spirits на 03 9464 7299 или info@floxwines.com.au. Bottled by Kabina Distilling Company.

www.kabinadistilling.com



EZEVO 700ML 40%
EZEVO BLACK 500ML 47%
EZEVO GOLD 700ML 40%

## ЈУБИЛЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА ДОБРОТВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

# MCWA наполни 40 години







Минатиот петок Македонската добротворна организација (MCWA), одбележа значаен јубилеј од четири децении. Од своето постоење до денес MCWA континуирано се стреми кон подобрување на животот на Македонците во Викторија, дали тоа се членови на второ доба или пак Македонци на кои им е потребна помош поврзана со разни програми и услуги.

*Груевски имаше видео обраќање до присутните на јубилејот*

На настанот по повод 40-годишнината посебно внимание имаше видео обраќањето на поранешниот премиер Никола Груевски, кој живее веќе повеќе години во Унгарија како политички азилант.

Како уникатна македонска организација во Викторија што работи во оваа дејност директно со Македонската заедница, има важна улога во животот на многумина кои имаат разни социјалони потреби.

Во исто време Македонската добротворна организација продолжува да го зголемува својот опсег и да им помага на другите заедници што немаат ваква организација за услуги и програми во подобрување на нивниот живот.

Честит јубилеј и посакуваме и понатаму MCWA да продолжи во својата мисија.




AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: (03) 9404 2990
Mobile: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au






### ПРВА ПОСЕТА НА АВСТРАЛИСКИ ПРЕМИЕР НА ПЕКИНГ ОД 2016 ГОДИНА:

# Кина и Австралија вртат нов страница



Кинескиот претседател Кси Џинпинг изјави дека стабилните односи меѓу Кина и Австралија се во интересот на двете земји и дека тие би требало да ја зајакнат соработката.

Кина и Австралија би требало да го поттикнуваат развојот на стратешкото партнерство јакнејќи ги меѓусебното разбирање и довербата, му порача Кси Џинпинг на прајминистерот Ентони Албанезе, првиот австралиски челник кој го посети Пекинг по 2016 година.

„Силните односи (...) ќе бидат од полза во иднина", му возврати австралискиот прајминистер на кинескиот претседател во Голема сала на народот во центарот на Пекинг.

Ова е втора непосредна средба на Кси и Албанезе, а траела повеќе од еден час. Албанезе ја оцени како „многу позитивна", додавајќи дека го поканил Кси да ја посети Австралија.

„Треба да соработуваме со Кина онаму каде што можеме, да не се согласуваме онаму каде што мораме и да се вклучиме во нашиот национален интерес. Двајцата се согласивме дека не би смеело да нè дефинираат нашите разлики, дека треба да се признае дека тие постојат, но и заемната полза што ја имаме", заклучи Албанезе.

Кина и Австралија со децении градеа односи засновани на трговијата. Кина стана најголемиот трговски партнер на Австралија.

Меѓутоа односите се затегнаа откако во 2017 година Канбера ја обвини Кина зе мешање во внатрешната политика на Австралија. Година подоцна австралиските власти, следејќи ги политиките на западните сојузници, во прв ред Велика Британија и САД, ја забранија опремата на кинескиот технолошки гигант „Huawei" за 5G мрежа поради безбедносни причини.

Повиците на Австралија во 2020 година да се поведе меѓународна истрага за потеклото на пандемијата на ковид-19 и наводно за прикривање од кинеските власти, за чиј епицентар се смета кинескиот град Вухан кон крајот на декември 2019 година, го предизвика гневот на Пекинг, кој одговори со блокада на увозот на некои австралиски стоки.

## ВЕЛИЧЕСТВЕНО ФРЕСКОЖИВОПИСАНА "СВ. НЕДЕЛА" ВО ГОЛД КОСТ







Македонската заедница во Голд Кост е мала по број но има со што да се пофали, благодарение на неуморната работа на управата на црковната општина "Св. Недела" и на сплотената заедница. Пред пет години со смиреност и подадена рака до сите успешно го завршија спорот кој долги години постоеше помеѓу предходните членови и заврти нова страница на просперитет. Управата на овој храм направи сериозен подвиг со тоа што смогна сили да го фрескоживописаат храмот онака како што доликува со прекрасни фрески.

Круната на тој труд е осветување закажано в недела, на 12 ноември, што ќе го изврши владиката Тимотеј.

Претседателот Лазе Спировски е посебно горд на тоа што поставената цел е исполнета, да се заврши храмот со фрескоживопис и да биде осветена од надлежниот владика Тимотеј.

"Со педесетина фамилии успеавме да направиме грандиозен објект со кој заедницата може да биде горда. Македонската заедница во сончевиот Голд Кост постојано се зголемува, и ние работиме како едно семејство заедно сплотени", рече Лазе.

Прекрасниот фрескоживопис е изработен на сите ѕидови и тавани во храмот „Св. Недела" во Голд Кост, и тоа е изработка на брачниот пар Васка и Тони Чурковски, кои се со потекло од Струга. Тие ја започнаа напорната мисија да ги направат фреските на ѕидовите од црквата и со тоа го направија храмот "Св. Недела" од Голд Кост еден од ретките во Австралија што е целосно живописан.










# Доплата за плаќање со кеш




Дилер за автомобили во *Сиднеј* предизвика голем гнев кај своите клиенти и пошироката јавност, бидејќи на потрошувачите им наплатувал надомест за плаќање во готово!

Да, добро прочитавте, доплата која во некои продавници и ресторани се плаќа за користење кредитни картички, во овој автомобилски салон е воведена и за готовина. Огорчен клиент по посетата на салонот за автомобили *Sydney City MG*, во *Александрија*, во внатрешниот југ на *Сиднеј*, им се обрати на медиумите и испрати фотографија од ценовникот за надокнади на кој јасно пишува оти за да се плати во готовина, мора да се дадат дополнителни $55?!

Во ценовникот биле вклучени и доплати меѓу 0.5 до два отсто за плаќање со разни видови платежни картички.

Човек по име **Питер**, исто така, се јавил во популарната сиднејска радио станица *2GB Radio.*

Историски гледано, плаќањата во готовина биле начин да се избегне дополнително плаќање при скапи купувања, потег за кој **Питер** вели дека бил оштетен со наплата на дополнителната надокнада.

*„Ако имате намера да пазарувате со готовина, ќе сакате да направите подобра зделка и ќе очекувате попуст за готовина, бидејќи тоа е законско средство за плаќање. А, тие те удираат по џеб со надокнада. Тоа е навреда! Тука нема никакви дополнителни трошоци"* - изјави **Питер** за *2GB Radio.*

Максималната дозволена готовинска трансакција во тој продажен салон била до $5.000, што значи дека доплатата од $55 е всушност 1.1 отсто од износот. Тоа се полоши услови од надоместокот за плаќање со кредитна картичка, кој изнесува 0.5 одсто.

Меѓутоа, бидејќи $55 бил надомест за било кој износ до $5.000, тоа значи дека за редовен сервис за автомобил од $226, тие наплаќаат 24,3 одсто преку тоа, ако изберете готовина како средство за плаќање!

Новинарите од сајтот *Јаху* го контактираа овој авто центар и побараа појаснување, кое гласаше дека $55 претставуваат *„надомест за ракување со трансакцијата"*, односно за покривање на интерните трошоци за управување со готовина, како што двајца луѓе на лице место ги бројат парите, и потоа да ги транспортираат до банката.

Откога се подигна голема прашина околу оваа деловна практика, авто центарот ја повлече надокнадата, а **Јан Замит**, генерален менаџер на автосалонот *Sydney City MG*, за *Yahoo* изјави дека за нив *„потрошувачите се на прво место"*.

*„Доколку некому е наплатена оваа надокнада во минатото, парите ќе му бидат вратени"* - додаде тој. Набрзо од ценовникот исчезна спорната ставка *„надокнада за плаќање во готово"*, која клиентите исто така ја овековечија со своите камери и ја испратија до медиумите.

## Законот вели - легално

*2GB Радио* побараа одговор на прашањето дали наплатувањето на надокнадата за готовина е законска и добија одговор дека е. Од *Австралиската комисија за потрошувачи и конкуренција (АССС)* кажаа дека во Законот за конкуренција и потрошувачи или Потрошувачкиот закон на *Австралија* не постои ништо што би спречило фирмата да бара доплата за плаќање во готовина.

*„Но, законот за потрошувачи им забранува на фирмите да ги доведуваат потрошувачите во заблуда за цените"* - велат од *АССС*. Според официјалната веб-страница на *АССС*, компаниите во *Австралија* дури не се обврзани да примаат готовина и можат да наплатат доплата за плаќања со дебитна или кредитна картичка.

# Стипендии за идни наставници



Владата на *Нов Јужен Велс* почна програма со која сака да ги привлече оние кои се заинтересирани за кариера во образованието. Министерот за образование **Џејсон Клер** вели дека проектот *„Биди учител"* е осмислен да ги „инспирира луѓето" да почнат да се занимаваат со оваа професија. Во *Австралија* веќе подолго време има недостиг од просветни работници, а *Нов Јужен Велс*, како најнаселена држава, акутно се соочува со овој проблем. Како што рече министерот **Клер**, во следните неколку недели владата ќе отвори пријави за стипендии во вредност до $40.000 по лице, за да ги поттикне луѓето да се преквалификуваат и да станат наставници.

*„Мораме да ги промениме и курсевите на универзитетите за да бидеме сигурно дека наставниците имаат вештините и знаењата кои им се потребни уште од првиот ден. Многумина од нив ми кажуваат, кога првпат влегле во училницата чувствувале дека не се подготвени за работата"* - изјави **Клер**.

Заменичка на премиерот на *Нов Јужен Велс*, **Пру Кар** се надева кампањата за регрутирање нови наставни во која ќе бидат вложени $10 милиони долари ќе ја поттикне *„реформата на образовниот систем"*.

Кампањата *„Биди учител"* ќе ги вклучи и сегашните наставници од цела *Австралија*, кои со идните колеги ќе споделат искуства од кариерите со кои би им помогнале да сфатат колку е вредна и наградувачка работата на наставникот. Говорејќи на промоцијата на кампањата, **Пру Кар** рече реформата на образованието почнува со *„вложување во наставниците кои ја образуваат следната генерација Австралијци"*.

*„Владата на Нов Јужен Велс апсолутно ја поддржува реформата на образовниот систем и ќе пристапиме низ призмата на вреднување на прекрасната професија наставник. Начинот на кој зборуваме за наставниците, начинот на кој создаваме наставници, треба да направи голема разлика за да се бидеме сигурни дека ќе привлечеме повеќе луѓе во оваа професија, во професија која помага да се почнат сите други професии"* - рече заменичката на премиерот на **Нов Јужен Велс**.

Министерот за образование на *Нов Јужен Велс*, **Џејсон Клер**, истакна дека следната учебна година е многу важна, бидејќи ќе биде склучен нов национален договор за реформа на образованието. Овој договор ќе се однесува на обезбедување *„праведно финансирање за училиштата"* и како тоа финансирање се поврзува со стратегиите кои ќе им помогнат на училишните деца кои заостануваат во материјалот што е можно побрзо да ги стигнат своите врсници.

Austral aluminiumproducts
Commercial Available

Најдобрите и најквалитетни алуминиумски прозорци и врати, со светски дизајн и врвен квалитет, по најповолни цени ќе ги најдете кај нас
Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.
Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au


Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Митинзи за подршка на Палестина во Австралија



Околу 20.000 луѓе учествуваа на пропалестинскиот митинг во *Мелбурн*, соопшти локалната полиција. Собирот помина мирно без никакви проблеми и апсења, изјави началникот на полицијата **Адам Вест**. Големиот број демонстранти го запреа сообраќајот во центарот на *Мелбурн*. Учесниците на митингот носеа транспаренти на кои пишуваше *„Правда за Палестина“* и *„Албанезе, не можеш да се криеш, ти поддржуваш геноцид“*.

Тоа беше шести австралиски протест против војната во Појасот *Газа* оваа недела. Пропалестински митинзи се одржаа во петокот навечер во *Аделаид*, а следеа и во *Сиднеј*, *Бризбејн* и во *Перт*.

## Запленети се 600.000 цигари

Викториската полиција минатата недела изврши рација во 16 регионални продавници за тутун и заплени нелегална стока и готовина во вредност од преку два милиони долари.

Во акцијата за сузбивање на организираниот криминал што шверцува тутун, цигари и вајпови, беа извршени полициски рации во *Шепартон, Симор, Жаравонга* и *Баларат*.

Во придружба на службениците на граничните сили и даночни службеници, специјалниот полициски одред *„Брисачи“* заплени 611.833 цигари без акциза, во вкупен износ од над $760.000, потоа 153 килограми тутун без акциза. Исто така, запленети се околу 40.000 нелегални електронски цигари и околу $16.000 во кеш.

Полицијата соопшти дека на овие локации се уапсени шест лица, а 40-годишен маж од *Мелбурн* е обвинет за нелегална трговија со дрога.

Исто така, беа извршени налози за претрес на уште 34 продавници и станбени недвижности во *Мелбурн*.

Полицијата вели запленетите производи се поврзани со организиран криминал вклучен во илегалната трговија со тутун.



*„Се додека животите на луѓето се загрозени поради оваа зголемена криминална активност, ние ќе продолжиме да правиме апсолутно се што можеме за да ги спречиме, попречиме и разбиеме овие синдикати“* - рече детективот **Џејсон Кели** од Државното одделение за борба против организираниот криминал.

## Загинаа 5 лица, а 6 се повредени, меѓу кои и возачот, кога тој со автомобилот влета во паб во Дејлсфорд

Пет лица загинаа, а шест се повредени, меѓу кои и возачот, кога автомобил влета во паб во викторискиот град *Дејлсфорд*. Момче, двајца мажи на возраст од 30 и една жена на 40-годишна возраст починаа на лице место, додека една тинејџерка почина во болница во *Мелбурн*, каде што била пренесена со хеликоптер по несреќата.



**Таткот Џатин, мајката Пратиба и ќерката Анви беа убиени во судирот**

Шеесет и шестгодишниот возач на *БМВ* е пренесен во болница откако со својот автомобил влетал во преполн паб во хотелот *Ројал* во градот *Дејлсфорд*, северозападно од *Мелбурн*. Тој се здобил со полесни повреди, а од полицијата велат дека е под полициски надзор. Неговиот алкотест бил негативен, а направена е и крвна анализа за други супстанци, соопшти полицијата.

Полициските истражители се обидуваат да утврдат како автомобилот дошол до работ и удрил во терасата на пабот.

## Социјален работник злоставувал десетици деца, ги снимал и го продавал материјалот

Социјален работник од *Австралија* е обвинет за злоупотреба на 91 дете ширум земјата во текот на 15 години работа. Мажот (45) е во притвор од август 2022 година, а во обвинението е наведено дека извршил 1.623 кривични дела над децата. Создавал материјал за експлоатација на деца, кој понатаму го дистрибуирал до корисниците во електронска форма. Полицијата кај него пронашла неколку електронски уреди.

Во периодот од 2007 до 2022 година бил вработен во десетина центри за згрижување деца во *Бризбејн*, *Сиднеј* и на непозната локација во странство.

*„Ова е еден од најстрашните случаи на злоупотреба на деца што нашите детективи ги виделе“*, рече **Мајк Фицџералд** од полицијата на *Нов Јужен Велс*.

Идентитетот на децата е строго доверлив, но се вели дека биле девојчиња на околу 16 години, пред пубертет, а за овој случај биле известени нивните родители.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

АХМЕТИ СО УЧК ПОДГРЕА НАЦИОНАЛИЗАМ:

# Додека ве ранат со лоши филмови на „голема Албанија“, вие албанските Македонци живеете без вода, а деца ви се иселуваат




Али Ахмети со музејот на УЧК во Сопот ги подгреа националистичките страсти во Македонија. Лавина реакции поради славењето на т.н. „голема Албанија“ и организацијата која во јавноста е карактеризирана како „терористичка“. Од ДУИ – молк. Одново, по лошиот потег кој предизвикува нетрпеливост, не се обидуваат ниту да објаснат зошто преземаат вакви чекори.

Заменикот на Народниот правобранител, Јован Андоновски, потсети дека во селото Сопот каде се наоѓа спорната плоча, нема струја, водовод и пат. Го отвори прашањето, како се живее таму.

„Го пуштија во употреба музејот на УЧК во село Сопот, Кумановско. Во село Сопот веројатно нема водовод, струја и пат како што треба ама затоа има музеј. Сега остана само уште вода и чист воздух да обезбедат за Тетово. А, да, и егзистенција за сиромашниот народ. Инаку сѐ друго е решено. Додека не се свестат сограѓаните дека празен џеб е празен џеб, дека лоша инфраструктура е лоша и за тебе и за мене, дека дишеме ист загаден воздух и дека имаме исти проблеми со децении, сѐ е џабе. Сограѓани Албанци, ќе продолжат да ве хранат со мало лажиче“, напиша Андоновски.

Активиската на Левица и екскандидат за градоначалник на Аеродром, Весна Кираџива, смета дека чинот со споменикот и комплексот на УЧК, е кривично дело.

„Додека ве ранат со лоши филмови за некаква си „голема Албанија“, вие браќа и сестри, албански Македонци, живеете без вода за пиење, без канализација, децата ви се иселуваат и владее бела чума низ Полог поради мизерните услови кои ви ги нудат „господариве“, никој не одговара за вашите најблиски кои ги убија и живи ги запалија со Дурмо Турс, Беса Транс, модуларната во Тетово и ви се заканува ако барате правда… Само уште музеј на терористи и повеќе албански знамиња да ви обесат и одма подобро ќе си живеете, националшовинизмот ќе ви донесе удобност, само ранете се со омраза која ви ја сервираат овие, коишто се богатат на вашата (и наша) мизерија. П.С. ова е кривично дело против државата“, напиша Кираџиева.

Политичкиот аналитичар, Ивор Мицкоски, смета дека владеењето на ДУИ е труло, врз база на национализам. Според него, тоа трае 20 години.

„Ова е продукт од 20 годишното владеење на ДУИ. Додека зборат за албанофобија и дека се водела нацистичка кампања против ДУИ, ова се продуктите на нивното труло владеење. Транспарент: Ќе го исполниме историскиот аманет Скопје да биде срцето на Албанија. Да не се чудиме после зошто и нивните квазиопозиционери флертуваат со косовски политичари и знамиња на голема Албанија. Зелени ќе станеле они, еколозисти ќе станувеле“, напиша Мицкоски.

Сличен став и на сценаристот, како и критичар, Божидар Божиновски. Тој преку ироничен коментар ја искоментира состојбата.

„Ова се отвори денес, а и ние го плативме… Зубо нека е само, па и Али Ахмети на коњ ќе клајме на плоштад. Нормално, нема осуда од дежурните антинационалисти, пошто е лесно на мртов волк забите да му се бројат, ко ќе со некои помоќни ги нема“, напиша Божиновски.

И охриѓанецот Иљче Затаракоски со ироничен коментар, а кој се однесува за евентуалното санкционирање на поставената плоча со карта на т.н. „голема Албанија“.

„Ако ѝ требит помош на МВР да го пронајдит сторителот шо откри спомен-плоча со мапа на голема Албанија – Али Ахмети се викат… не знам дал го знајте“, напиша тој.

## Порака до власта: Го браните Али, а по судови гоните Македонци за знамето од Кутлеш

На темава се огласи и Богдан Илиевски (Бетмен) кој потенцираше дека за казнување во државата има двојни аршини кога се во прашање ДУИ и Македонците: „Кога Аљи ти вади голема Албанија во мермер одговорот е: `абе види секоја земја има такви мапи, стара е мапата`, а ќе гоните по судови Македонци за знамето од Кутлеш, па пиздави матер ненормална.“

„Овој споменик, финансиран со јавни средства од повеќе од 300.000 евра, не е само дрзок приказ на иридентистичко однесување кон Македонија, туку претставува и значајна закана за регионалната стабилност на Балканот. Музејот, заедно со спомеником што ја симболизира Голема Албанија, служи како болен потсетник за историските неправди и територијалните претензии кои предизвикаа огромно страдање и поделба во регионот. Нужно е македонската влада да заземе цврст став против ваквите дејствија, кои служат само за влошување на тензиите и попречување на напредокот кон траен мир и стабилност“, реагираа и од ОМД.

LIVER - BLE - JUICE
ПОМАГА ПРИ ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЦРНИОТ ДРОБ (ЦИГЕРОТ)
ЗАМАСТЕН ЦРН ДРОБ / ЦИРОЗА
ХЕПАТИТ Б И Ц
ПРИ БОЛЕСТИ НА ЦРНИОТ ДРОБ И БУБРЕЗИТЕ
НИЕ МОЖЕМЕ ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ
ДА БИДЕТЕ ЗДРАВИ КАКО ПОРАНО
ПОГЛЕДНЕТО ГО ВИДЕОТО ЗА ОВОЈ ЛЕК:
https://youtu.be/yoeKUKgiz8U
ПИЈАЛОКОТ Е РЕГИСТРИРАН ВО ASIC -
ПАТЕНТИРАН Е И ГИ ИМА СИТЕ ДОЗВОЛИ
ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА
ПРИМАМЕ НАРАЧКИ ОД ЦЕЛА АВСТРАЛИЈА


ВАСКО
ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ
ТЕЛ: 0410 403 667
E-MAIL: support@liver-ble.com.au
www.liver-ble.com.au
6 Walsh St, Preston 3072, VIC

Reg. No. A0042461G
AHAM BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123
АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА
Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Вељановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Музејот на УЧК во Сопот е дивоградба и е на државна земја, а не на приватна



*За еден ден ја снема спорната плоча. Заедно со постоечката Албанија, "голема Албанија" ги опфаќаше територите на соседните држави, вклучувајќи го Косово, Прешевската Долина, територите во јужна Црна Гора наречени Малесија, северозападна Грција (грчките регионални области Теспротија и Превеза, наречени од Албанците Чемерија), и дел од западна Македонија или територии на дури три земји членки на НАТО*

Кумановскиот градоначалник Максим Димитриевски информираше дека објектот е дивоградба и дека општината нема издадено документација за градба.

- Објектот е изграден на државно земјоделско земјиште, коешто во имотниот лист број 117 од катастарска општина Сопот, се води на парцела 963. Целиот објект е дивоградба и Општина Куманово нема издадено никаква документација во врска со градба на овој објект. Од страна на надлежна инспекциска служба е направен записник. Записникот е насочен кон НН лице, бидејќи од присутните лица таму никој не се пријавил дека е инвеститор или пак сопственик на објектот. Истиот записник веќе е истакнат на огласна табла и ако по три дена никој не се јави, кривична пријава против НН лице (непознато) ќе биде доставена и до полицијата. Дополнително добив информации и од Секторот за урбанизам дека за оваа предметна парцела исто така е поднесено барање во 2018 година за легализација од страна на физичко лице и сите тие документи ќе ги доставиме како предмет на идната истрага, посочува Димитриевски.

Премиерот Димитар Ковачевски потврди дека „ваквите настани секогаш со право предизвикуваат бура реакции" но се обиде да го минимизира ова преку различни изговори како „задоцнета била мапата 145 години", „сите имале такви мапи на Балканот", „на приватен имот била ставена", „не била релевнатна мапата". Беше јасно дека македонскиот премиер нема да каже ни збор директна осуда за прикажаните територијални претензии зашто следните избори му зависат токму од Ахмети и од ДУИ. Од друга страна по само еден ден тивко и без галама мермерната плоча со сонот за Голема Албанија - ги снема. Како никогаш да не била. Затоа гласачите на следните избори треба да помнат.

Премиерот Димитар Ковачевски се обиде да го релативизира скандалот со музејот во Сопот и картата на Голема Албанија. Но мора и нему да му е јасно дека ова не може да помине без последици за СДСМ. Прво се покажа дека таканаречениот музеј на УЧК е изграден на узурпирано државно земјиште (не на приватно) и второ - картата на Голема Албанија ја промовираше лично Али Ахмети, коалицискиот партнер на Ковачевски и на СДСМ во власта. Ахмети не му е министер во владата на Ковачевски, ама е човекот кој му ги бира министрите од ДУИ (за потоа тие да кажуваат дека нивни „шеф" е Али а не Димитар). Постапките на едниот ортак не може да немаат последици на другиот.

Тоа што го изјави Ахмети при отворањето на таканаречениот музеј на УЧК во кумановски Сопот гласачите на следните избори треба да го запомнат и да не го заборават. А буквално рече:

- Кога ја почнавме активноста со УЧК, ја почнавме за да направиме Албанија да нема граница. Но политиките се сменија и избравме прагматизам, а не фанатизам. Ние избравме Албанците во Македонија да бидат државотворци, да бидат господари и да се залагаат во сопстевната држава, а ова знаме денес е официјално и неприкосновено. Овде е вградена крвта на стотици војници, патриоти и Албанци. Албанскиот јазик е официјален и неприкосновен. Слава на сите маченици на нацијата!, рече Ахмети минатиот викенд на отворањето на таканаречениот музеј на УЧК во кумановското село Сопот.

# Гладни мечки стигнаа и до Дебар



По Маврово и Жировница, и дебарскиот регион во западна Македонија го сардисаа мечки. Националниот парк „Маврово" прави хајки за да ги држи подалеку од селата во Мавровско - па мечките преминале накај Дебарско, сведочат мештаните.

Ловџиите обвинуваат дека концесионерите на ловиштата не ги прихрануваат доволно дивите животни. На територијата на Дебар има три ловишта: „Стогово", „Дешат" и „Бомово" а концесионерите со години не поставиле ниту една хранилка. За концесионерите, пак, обвинувањата се неосновани.

Само на камера регистрирани се 40 единки во последните две години, а колку има што не поминале пред камера? Мечките ќе почнат да се јадат сами меѓу себе. Ќе се појави канибализам кај нив бидејќи немаат храна. Гладни, бараат што да јадат па се спуштаат блиску до луѓето.

Тука го јадат родот од нивите и прават пакост врз пчеларниците. Локалците велат – многу ги има. Живеат во страв и во гнев оти не можат да ги работат нивите, ниту да собираат костени во шумата.

Кафеавата мечка во Македонија е забранета за лов уште од 1996 година.

# Месото е поскапо во Албанија па од Македонија се шверцува добиток

Албанската гранична полиција деновиве спречила шверц на повеќе грла крупен добиток од Македонија, кои две лица од блиско до Дебар албанско место ги пренесувале преку нелегален премин. Според албанските медиуми зачестен е шверцот од Македонија заради повисоките цени на месото во Албанија.

Албанската гранична полиција ги привела Ф.З.(55) и П.Х.(51), двајцата жители на Маќелари, блиско село до преминот Блато, кои со добитокот ја минувале границата преку т.н. „зелен појас".

Приведените немале документација за добитокот кој е прошверцуван и ќе одговараат пред обвинителството и судот на Пешкопеја.

Според албанските медиуми, во истрагата надлежните албански органи ќе соработуваат со македонските колеги со цел откривање на организираната нелегална трговија со добиток.




# По ревизијата Собранието ќе одлучува за раскинување на соработката со „Синохидро", премиерот Ковачевски стравува од тужба пред арбитражниот суд во Париз



*Секоја опозиција ја гледа македонската држава во ваква состојба: без тркала и без седиште, баталена. Ветува дека штом ќе дојде на власт ќе стави нови тркала и седиште. И потоа со здравје ќе си ја вози понатаму...*



- Изведувачот „Синохирдо" врз основа на проекти од проектанти со лиценци има прифатено дека автопатот ќе го завршат до крајот на 2023 година, преку анекс на договор којшто е одобрен во Собранието. Сега треба да се направи анализа зошто не е завршено, зошто изведувачот не успеал да го заврши. Дали проектите биле квалитетно направени, дали тие што ги правеле ги заслужуваат лиценците коишто ги имаат за да направат проекти. Јас ќе ви направам аналогија, тоа е исто како да имате книговодител којшто ги промашува завршните сметки на една компанија и се поставува прашањето дали ја заслужува лиценцата да биде овластен сметководител, изјави премиерот Димитар Ковачевски пред новинарите.

Досега се потрошени 600 милиони евра за изградбата на автопатот и тие нема да одат во неповрат, затоа што добар дел од патот е изграден, меѓутоа, како што додаде, проблем е самото проектирање и репроектирање кои не биле направени на квалитетен начин, поради што изградбата трае веќе 10 години.

Ревизијата на Државниот завод за ревизија (ДЗР) во Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), во однос на финансиските и процедурални аспекти на капитални проекти, кое е во тек, и ангажирањето експерт за ФИДИК (Меѓународен стандард за реализација на меѓународни договори), според премиерот Димитар Ковачевски треба да дадат одговор на прашањето дали кинескиот изведувач и ангажираните подизведувачи воопшто се во состојба да го изградат автопатот Кичево-Охрид.

Во овој момент неговото довршување го оневозможуваат новите 11 свлечишта кои во последниот период се појавиле на делницата.

Анализите на ФИДИК-експертот ќе треба да кажат кои би биле ефектите доколку би се продолжило со истиот изведувач или би се прекинала соработката, односно дојде до раскинување на договорот.

- Во случај на раскинување на договорот постојат финансиски импликации што можат единствено да бидат дефинирани од страна на меѓународен арбитражен суд во Париз кој е наведен во договорот а кој е изгласан во Собранието и сите анекси се гласани во Собранието. Така што, врз основа на сите информации коишто ќе бидат прибрани, ќе биде предложена одлука до Собранието и на крај Собранието ќе го има финалниот збор, односно сите пратеници, бидејќи Собранието со закон ја задолжило Владата да работи на ова решение и на овој начин и со тој изведувач од Кина, рече Ковачевски.

Договорот (последниот анекс) со „Синохидро" завршува на 31 декември. Никој не кажува што ќе следи потоа. Македонските подизведувачи имаат „врзано" над 50 милиони евра свои пари во банкарски гаранции. Ако пропадне договорот тие ќе им бидат заробени.

Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, пак, за доцнењето со изградбата на автопатот Кичево – Охрид денеска ја обвини Владата.

- Наместо да најдат начин како да го забрзаат проектот, тие повторно се обидуваат со некои гимнастики и политикантство да предизвикаат застој на работите, конфликт со изведувачите и на тој начин дополнително да го одложат реализирањето на овој проект, коментираше Мицкоски.

Тој истакна дека продолжуваат да се губат човечки животи поради немање проектен менаџмент и „криминалниот карактер на владата на ДУИ и СДСМ".

Нагласи дека дека „добрата вест е што за неколку месеци од денеска доаѓа влада на ВМРО-ДПМНЕ, која има намера сериозно да ги заврши сите проекти во Македонија".

## Што е толку искривоколчено па 50-ина километри се градат 10 години?



Во случај на спор, надлежен е меѓународниот арбитражен суд во Париз. Уште од самиот почеток овој проект го следат серија проблеми, како што е неусогласеност на проектната документација, задоцнета експропријација и предавање на траса, констатирање на променлива геологија на терен која не одговарала со геологијата предвидена со проектите.

На неодамнешна трибина во Охрид експертите ги изнесоа проблемите.

- Моето лично согледување е дека ова десетгодишно мачење се должи на два аспекта. Првиот се техничките причини што се директно поврзани со квалитетот на проектната документација. Меѓутоа и неефикасните административни постапки и одлуки кои земаат многу време, во кое инженерите треба да го прават она за што се платени. Имало укажувања до јавното претпријатие дека можеби таа траса која била повлечена во доцните 90-ти години денес и не е најдобрата траса, вели универзитетскиот професор Јосиф Јосифовски.

- Уште на самиот почеток се соочивме со нерешени имотно правни работи. Согласно на тоа пристапот на давање на трасата во владение одеше бавно односно парцијално. И ден денес постојат делови од трасата каде немаме пристап поради нерешени имотно-правни работи. Проектните решенија претрпеа и се уште трпат модификации заради квалитетна изградба на автопатот. Дислоциравме бандери на свој трошок, па дури дислоциравме и црква која беше на самата траса на автопатот. Апелирам до сите релевантни чинители со оглед на тоа што за неполни два месеци истекува рокот за градба да размислат во кој правец ќе се движи понатамошната изведба на автопатот. Секој дисконтинуитет во работењето ќе доведе до големо дерогирање на веќе изграденото, загуби на големи финансиски средства, углед на државата и слично, рече градежниот инженер во ГП „Илинден", Горан Домазетоски.

Според надлежните околу 71% од делницата досега е изградена. Автопатот првично требаше да биде готов во 2018, па јуни 2021 година, додека последниот краен рок беше предвиден за декември 2023. Според состојбата на теренот автопатот Кичево-Охрид нема да биде готов ниту во следните 3-4 години.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# Macedonian community event information




СЕ БАРА РАБОТНИК за инсталирање дрвени и железни огради за северниот дел од Мелбурн (не мора да имате искуство), се плаќа кеш. За повеќе информации јавете се кај Никола на: 0402 913 539

## СООПШТЕНИЕ

Социјалното друштво "Стив Наумов" -Логоварди од Мелбурн ги известува своите членови и пријатели дека го организира традиционалниот пикник. Тој ќе се одржи на 19 ноември 2023 во Kyneton, на местото од селото Логоварди со адреса 21 Fosters Lane Kyneton. Сите се добродојдени.

За информации кај Цане Моб: 0421 756 880 или Борче Моб: 0409 960 342

## ПИКНИК ВО МАНАСТИРОТ СВЕТИ НАУМ ВО РОКЛИН

Федерацијата на пензионерите од Западниот дел на Мелбурн и Викторија ве поканува да земете учество на Пикникот кој ќе се одржи во манастирот "Свети Наум" во Роклин во недела, на 19 ноември. Сите се добредојдени.

За повеќе информации јавете се кај претседателот на федерацијата Илија Јошевски-Мечето на тел: 0418 396 256, или 9367 3091.






# Намален бројот на нелегален транзит на мигранти низ Македонија, иако не изгледа така

*Македонија* и понатаму останува една од главните транзит дестинации за мигрантите, но во помал обем во однос на претходните години.

Бројот на илегалните преминувања годинава е за околу 50 проценти помал за разлики на лани. За девет месеци пограничните служби спречиле околу 11.000 обиди за нелегален премин, за разлика од претходните две години кога во 2022 биле спречени 27. 394 обиди и 20.874 во 2021. Границата со *Грција* и понатаму е главно влезно место за мигрантите, додека во најголемиот број случаи *Србија* се користи за излез од државата.

Топ петте земји кои доминираат со најголем број спречени обиди се *Сирија*, *Мароко*, *Авганистан*, *Пакистан*, но има и лица без државјанство.

Од јануари до септември полицијата открила и 77 случаи во кои имало обид да бидат прокриумчарени 786 мигранти.

Во истиот период, против 72 лица биле преземени мерки на кривичен за сторени 66 кривични дела криумчарење на мигранти. Од нив, осум кривични дела се соизвршителство, а две помагање. Лани во текот на цела година биле откриени 107 случаи на криумчарење за што кривично се пријавени 122 лица. 2021 овие бројки биле речиси двојно помали, односно полицијата открила 64 случаи на криумчарење и преземени мерки на кривичен прогон против 77 лица. Според земјата на потекло на криумчарени мигранти доминираат лицата со потекло од *Сирија, Пакистан, Авганистан* и во помал број од други земји.



***Комбе полно со мигранти пропадна во ископаниот канал на главната велешка улица. Комбето бегало од полиција а возачот не знаел дека улицата се реконструира, па паднал во шанецот. Во комбето биле шверцувани дваесетина мигранти, а меѓу повредените се и 11-годишно дете и неговиот татко***

## Се самоуби жена откако ја снимиле како врши нужда во центарот на Бања Лука и ја пуштиле на инернет!?



Се самоуби жена од *Бања Лука*, откако на социјалните мрежи беше објавено видео на кое таа е снимена како врши нужда во центарот на градот, објави порталот *„Српскаинфо"*.

Пред три недели жената со иницијали **Д.М.** рано изутрината излегла од автомобилот во близина на Народниот театар во *Бања Лука* и извршила нужда. Еден од минувачите на улицата *„Краљ Петар"* сето тоа го снимил и го објавил видеото на социјалната мрежа *Х*, поранешен *Твитер*. Видеото брзо се проширило, корисниците вербално ја линчувале и ја навредувале. Полицијата соопшти дека го открила нејзиниот идентитет и дека ќе и биде поднесена пријава за делото „вршење физиолошка потреба и покажување полен орган во јавноста" според Законот за јавен ред и мир на *Република Српска*. Наводно жената не можела да го издржи притисокот и си го одзела животот, а сега членови на семејството почнале постапка за да го пронајдат лицето кое неовластено ја снимало жената и ја искористило снимката на социјалните мрежи.

**ДЕМИР ХИСАР:**

## Притворен средовечен маж кој им се заканувал на сограѓаните дека ќе ги убие

Притворен е 50-годишен маж од *Демир Хисар*, кој се сомничи дека на два пати им се заканувал на своите сограѓани дека ќе ги убие. Како што соопшти Основното јавно обвинителство *– Битола*, на 31 октомври осомничениот, во два одделни инциденти, *„директно се заканувал на други жители на Демир Хисар дека ќе ги лиши од живот, предизвикувајќи кај нив вознемиреност и страв"*. Поради тоа, обвинителите повеле постапка по сторено кривично дело Загрозување на сигурноста согласно член 144 став 3 во врска со став 1 и во врска со член 45 од Кривичниот законик.

*„Судијата на претходна постапка од Основниот суд во Битола го прифати предлогот на јавниот обвинител и на осомничениот му определи притвор во траење од осум дена"*, соопшти Обвинителството.

**СУДИР НА ГЕНЕРАЦИИ:**

## 82-годишник прегазил 66-годишен велосипедист во Куманово

Осумдесет и двегодишен возач прегазил велосипедист во *Куманово*, при што вториов се здобил со тешки повреди констатирани во кумановската болница.

Настанот се случил на 5 ноември околу 10:30 часот, на кружен тек од бул.*„Октомвриска револуција"*, бул.*„Трета македонска ударна бригада"* и ул.*„Благоја Богдановски Гуцман"* во *Куманово*. Патничкото возило „опел" со кумановски регистарски ознаки, управувано од **Д.Ј.**(82) од *Куманово*, удрило во велосипед управуван од **Р.М.**(66) од *Куманово*.

Велосипедистот е пренесен во Општа болница *Куманово*, информираа од *МВР*.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ВО МЕЛБУРН: СЕ ОДРЖА МАКЕДОНСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА И ВИНО 2023



Во организација на *МАСО (Македонско-австралиската организација на заедницата)*, минатава сабота во *Вилијамстаун* се одржа *Македонскиот фестивал за храна и вино*.

На посетителите од многу култури им беа понудени традиционални македонски тестенини,







***Честитки до МАСО и Лидија Нешковска за успешна организација и изрази Натали Сулејман, министерка за ветерните и бизнис во владата на Викторија***





колачи, скара, безалкохолни и алкохолни пијалоци.

Македонскиот фестивал на храната годинава го посетија повеќе илјадници Македонци и Австралијци, и имаше што да видат.

Почнувајќи од штандови со богата понуда на јадења од македонската кујна, занимација за младите и забава со настап на културно-уметнички друштва и играорни групи со македонски песни и ора.

Оваа година учествуваа










локалните друштва: *КУД „Гоце Делчев"*, *КУД „Јане Сандански"* и *„Бисер"* од *Цилонг*, заедно со специјалните гости од *Сиднеј*, *КУД „Илинден"* од *Рокдаел*. Присутни беа и *„Бенџо Академи"*, виетнамска традиционална игрорна група, *DJ Funky K* итн. Покрај добрата храна можеше да се најде и извонреден избор на пијалоци со: *„36 Short"*, *„Дебортоли"* од *Јара Вали* и *„Дел Вино"* од *Македонија*.

Новата локација е вистински погодок и не зависеше од променливото време во *Мелбурн*, бидејќи е покриено и повеќе навистина ништо не може да го спречи одржувањето на оригиналниот Македонскиот фестивал на храната.

Честитки за организаторите од *МАСО*, кои овој настан веќе десет пати успешно го организираат во *Мелбурн*. Продолжувајќи ги традициите и обичаите од *Македонија*, фестивалот е високо посетена манифестација во календарот на сите во заедницата. Благодарение на тоа и се повеќе има заинтересирани за автентичната македонска храна.




***Од Сиднеј зеде учество МКУД Илинден од Рокдаел кои дојдоа со играорците и гајда и тапанџии***


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

*Отворени сме за вечера Четврток - Сабота, од 18 часот до доцна.*

*Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.*

*Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.*



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073






# Украина се соочува со „најлошата зима досега“



*Украина* се подготвува за „најлошата зима“ во својата историја свесна за големите прекини на струја поради руските ракетни напади, изјави министерот за надворешни работи **Дмитриј Кулеба**. *Москва* првпат почна да ја таргетира украинската енергетска инфраструктура минатата есен како одговор на бомбардирањето на Кримскиот мост.

Во интервју за германскиот дневен весник *Die Welt*, **Кулеба** откри дека купил „свеќи“, а неговиот татко купил камион огревно дрво во пресрет на руските напади.

Министерот истакна дека на *Киев* не би му пречело ако *Германија* не му обезбеди ракети *Таурус* со долг дострел, туку наместо тоа испрати повеќе системи за противвоздушна одбрана, додавајќи дека Украина ќе направи сè за да ги заштити своите електрани.

*Германија* не сакаше да му обезбеди на Киев оружје со долг дострел. Канцеларот **Олаф Шолц** објасни дека не сака овие ракети да се користат против цели во *Русија*. Коментирајќи го ова прашање во септември, германската министерка за надворешни работи **Аналена Баербок** го опиша ова оружје како исклучително софистицирано, додавајќи дека *„кога ќе испорачаме нешто, тоа мора да работи на терен“*.

Ставот дека на *Украина* ѝ претстои тешка зима го сподели и шефот на Советот за национална безбедност **Алексеј Данилов**, кој во септември рече дека највисоките украински функционери разговарале за ова прашање во многу прилики, додавајќи дека, исто така, зависи од локалните заедници да им обезбедат на луѓето електрична енергија.

Во октомври, украинскиот министер за енергетика, **Герман Галушченко**, призна дека ако *Русија* изврши масовни напади врз енергетската инфраструктура, *„тие би предизвикале значителна штета на електричната мрежа“*, со потенцијал за прекини. Тој ги повика луѓето да купат генератори и да преземат други мерки за зајакнување на отпорноста на прекини.

Претходно во јули, тој процени дека руските напади оштетиле околу 50 отсто од сите капацитети за производство на електрична енергија, а некои од нив не се поправаат.

*Русија* првпат започна со големи напади врз украинската енергетска инфраструктура во октомври 2022 година, како одговор на, како што го опиша како „терористички напад“ на стратешкиот мост на *Крим*. Додека украинските власти првично негираа вмешаност, ова лето, **Василиј Маљук**, шефот на *Украинската служба за безбедност (СБУ)*, ја презеде одговорноста за нападот.

## Пакистан почнува масовна депортација на Авганистанците

*Пакистан* почна масовна депортација на Авганистанците без документи кои нелегално престојуваат во земјата, вклучувајќи илјадници луѓе кои избегаа од талибанските власти и на кои им се закануваат прогони од талибанците по повлекувањето на американските трупи од *Авганистан* пред две години.

Во октомври пакистанската влада даде рок за 1,7 милиони авганистански бегалци кои живеат во земјата во ноември доброволно да ја напуштат земјата или ќе се соочат со апсење и присилна депортација. Полицијата ги предупреди изнајмувачите да избегнуваат изнајмување домови на бегалци без документи.

Покрај агенција за помош на бегалците во *Авганистан*, талибанските власти формираа и комисија за пружање основни услуги на повратниците, вклучувајќи привремено сместување, храна, здравствени услуги и превоз до нивното одредиште. Камиони на талибанската војска се товараат со бегалци кои од границата одат кон своите покраини.

*Исламабад* најави депортација на авганистанските бегалци откако милитантната група позната како *«Техрик е талибан Пакистан»*, или *ТТП*, ги засили нападите во *Пакистан* во последните две години. *Исламабад* долго ги обвинуваше авганистанските талибанци, сега авганистанската влада, дека ја поддржуваат *ТТП*, што авганистанските талибанци го негираат.

Меѓу оние кои добиле известување за депортација се активисти за женски права, музичари и луѓе кои работеле за владата во *Кабул*, која ја поддржуваа *САД* пред да се повлечат од *Авганистан* во 2021.

Обединетите нации кажаа дека се „крајно вознемирени“ од пакистанското колективно казнување на речиси 2 милиони авганистански бегалци, и тоа пред зимата, и изразија загриженост поради кршењата на правата на загрозените.

*„Веруваме дека многумина од оние кои се соочуваат со депортација ќе бидат изложени на сериозен ризик од кршење на човековите права ако бидат вратени во Авганистан, вклучувајќи апсење и притворање, мачење и друго нечовечко постапување“*, кажа **Равина Шамдасани**, портпаролката на високиот комесаријат на *ОН* за човекови права.

## Радовишка средба

Во недела на 10 декември во 10 часот наутро ќе се одржи *”Радовишка средба”* во паркот кај *Yan Yean* резервоарот. Ова ќе биде убава прилика да се соберат на излет сите што се од *Радовиш* и околината и нивните пријатели од сите делови на *Македонија*. Сите се добредојдени. За повеќе информации кај **Ванчо Стефанов** на **0416 657 519**.

## ПИКНИК ВО МАНАСТИРОТ СВЕТИ НАУМ ВО РОКЛИН

Федерацијата на пензионерите од Западниот дел на *Мелбурн* и *Викторија* ве поканува да земете учество на Пикникот кој ќе се одржи во манастирот *”Свети Наум”* во *Роклин* во недела, на 19 ноември. Сите се добредојдени. За повеќе информации јавете се кај претседателот на федерацијата **Илија Јошевски-Мечето** на тел: **0418 396 256**, или **9367 3091**.




# Колумбија ќе мора да усмрти неколку од дивите нилски коњи на Пабло Ескобар

*Колумбија* треба да убие неколку од 166-те нилски коњи кои потекнуваат од стадото во сопственост на нарко-босот **Пабло Ескобар** во 1980-тите. Министерката за животна средина **Сузана Мухамад** рече дека 20 ќе бидат стерилизирани, други ќе бидат префрлени во странство – а неколку други ќе мора да бидат убиени. Експертите со години се обидуваат да го контролираат бројот на нилските коњи. **Ескобар** ги увезол животните за него-



вата приватна зоолошка градина *Хациенда Наполес*. Тие биле оставени слободно да шетаат откако тој бил убиен во престрелка со полицијата во 1993 година. Властите пробале различни пристапи низ годините за да ја спречат експлозијата на бројот на ова животно во главната река во *Колумбија*, *Магдалена*, вклучително и стерилизација и префрлање во зоолошки градини низ светот. Сепак, напорите не успеаја да го задржат бројот на нилски коњи, бидејќи недостигот на предатори и плодниот и мочурлив регион *Антиокија* обезбедува совршени услови за напредување на домородното африканско животно, што многу ги изненади експертите.

Нивната судбина беше запечатена кога нилските коњи беа прогласени за инвазивен вид минатата година, отворајќи ја вратата за ловците кои сакаат да ги убијат. Колумбиските експерти долго време предупредуваат дека неконтролираното размножување на нилските коњи претставува закана за луѓето и домородните диви животни. Нилските коњи се второто по големина копнено животно по слонот, а возрасните мажјаци можат да тежат до три тони. Тие се меѓу најопасните животни во светот: годишно убиваат околу 500 луѓе. Риболовните заедници покрај реката *Магдалена* често се напаѓани, а неколку нилски коњи влегле во училишен двор, иако во тие инциденти немало мртви. Проценките сугерираат дека популацијата би можела да достигне 1.000 до 2035 година ако ништо не се преземе, но активистите за животни велат дека стерилизацијата повлекува страдање за животните – и голема опасност за ветеринарите што го прават тоа.

## Покрај мумии во Египет е пронајдена „Книгата на мртвите“, античко писмо полно со „магии“



Археолозите кои ископувале гробишта стари 3.500 години ја откриле древната египетска *„Книга на мртвите“*, свиток исполнет со магии кои го водат покојникот низ задгробниот живот. Научниците проценуваат дека овој мистериозен свиток, пронајден на гробиштата *Туна ал-Гебел* во централен *Египет*, е долг помеѓу 13 и 15 метри.

Заедно со свитокот, археолозите на тоа место пронашле и мумии, за кои се верува дека припаѓаат на високи функционери, од кои некои сè уште биле во украсени саркофази. Меѓу нив е и мумијата на *Та-де-Иса*, ќерка на првосвештеник. На тоа место се откриени и контејнери од алабастер, во кои се чувале органи и илјадници амајлии.

Старите Египќани верувале дека патот низ задгробниот живот не е многу лесен, па до покојникот била ставена низа инструкции или таканаречената *„Книга на мртвите“*.

Тоа е древен египетски компендиум составен од различни религиозни и магични текстови, кој во Египет бил положен, заедно со покојникот, во гробот. Се состои од низа поединечни текстови (магии) и придружни илустрации. Во моментов се познати околу 192 магии, иако ниту еден ракопис не ги содржи сите.

Чармите имале различни функции. Некои му дале на починатиот мистично знаење во задгробниот живот, други го штителе покојникот од разни непријателски сили или го воделе низ подземниот свет.

**СООПШТЕНИЕ**

## Донаторска вечер за изградба иконостас во манастирот„Св Лидија Македонка“ во с. Поешево – Битолско

Македонското социјално друштво *„Битола“* од *Сиднеј* по повод изградбата на иконостасот во новоизградениот манастир *„Св Лидија Македонка“* во село *Поешево*, *Битолско*, во сабота 16 декември со почеток во 18.30 часот во просториите на Спортскиот Клуб *„Илинден“* што се наоѓа на *West Botany Street Rockdale*, организира донаторска вечер. Картите се продаваат по цена од $80, а за деца по цена од $40. Ќе се служи богата вечера од Кетеринг *„Битола“* на **Милева** и **Никола Димовски**. Во цената се вклучени алкохолни и безалкохолни пијалоци. Ќе има богата лотарија. Вечерта ќе ве забавува групата *ВИС „Безиме“*.

За резервации и повеќе информации јавете се кај: **Љупчо Ангелевски** на **0423 569 943**, **Тоде Мицковски** на **0411 351 957** и **Вера Мицковска** на **0433 319 292**


Rahimovska Financial Solutions
Suzi Rahimovska
(03) 9465 6071
Practice Principal
Investment Planning
Retirement Planning
Superannuation
Personal Insurance
Portfolio review services
Планирање за инвестиција
Планирање за пензија
Superannuation
Персонално осигурување
Услуга за преглед на портфолио
На нова адреса: 2/23 Heyington Avenue, Thomastown 3074
Rahimovska Pty Ltd (ACN 612 363 256) ATF Rahimovska Family Trust t/as Rahimovska Financial Solutions is a Corporate Authorised Representative of Synchron AFS License No 243313.




# НАУЧНИЦИТЕ РАЗВИЛЕ ПАМЕТНИ ОЧИЛА: СЛЕПИТЕ ЌЕ ГЛЕДААТ ПРЕКУ ЗВУЦИ

Австралиските истражувачи развија врвна технологија позната како „акустичен допир“ која им помага на луѓето да „гледаат“ користејќи звук. Технологијата има потенцијал да ги трансформира животите на оние кои се слепи или имаат слаб вид.

Според Светската здравствена организација, околу 39 милиони луѓе ширум светот се слепи, а дополнителни 246 милиони луѓе живеат со слаб вид, што влијае на нивната способност да учествуваат во секојдневните животни активности.

Следната генерација паметни очила, кои преведуваат визуелни информации во различни звучни икони, беа развиени од истражувачи од Технолошкиот универзитет во Сиднеј и Универзитетот во Сиднеј, заедно со „АРИА Рисрч“ од Сиднеј.

„Паметните очила обично користат компјутерски вид и други сензорни информации за да ја преведат околината на корисникот во компјутерски синтетизиран говор“, рече угледниот професор Чин-Тенг Лин, глобален лидер во истражувањето на интерфејсот на таканаречениот мозок-компјутер од Универзитетот за технологија во Сиднеј.



„Меѓутоа, технологијата на акустичен допир ги „озвучува предметите“, создавајќи уникатни звучни претстави додека тие влегуваат во видното поле на уредот. На пример, звукот на шушкањето на лисјата може да означува растение или звукот на зуењето може да претставува мобилен телефон“, рече тој.

Студијата за ефикасноста и употребливоста на технологијата за акустичен допир за помош на слепите луѓе, предводена од д-р Хоу Жу од Универзитетот за технологија во Сиднеј, штотуку беше објавена во списанието “PLOS One”.

Истражувачите го тестирале уредот со 14 учесници; седум лица со слепило или слаб вид и седум лица со врзани очи кои служеле како контролна група.

Тие откриле дека уредот што може да се носи, опремен со технологија за акустичен допир, значително ја подобрува способноста на слепите или лицата со слаб вид да препознаваат и посегнуваат по предметите, без да предизвикуваат премногу ментален напор.

„Аудитивниот фидбек им овозможува на корисниците да идентификуваат и да посегнат по предметите со извонредна точност“, рече д-р Жу. „Нашите наоди покажуваат дека акустичниот допир има потенцијал да понуди ефикасен метод за зголемување на сетилата за луѓето со оштетен вид“.

Истражувањето ја нагласува важноста од развивање на помошна технологија за надминување на предизвиците како што се лоцирање конкретни предмети за домаќинството и лични предмети.

Со справување со овие секојдневни предизвици, технологијата за акустичен допир отвора нови врати за лицата кои се слепи или имаат слаб вид, подобрувајќи ја нивната независност и квалитетот на животот.




# ПРИДОБИВКИТЕ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ГИ ДОЖИВЕЕМЕ АКО РЕДОВНО ЈАДЕМЕ БАНАНИ



Бананите се неверојатно здрави, практични, вкусни и едно од најевтините свежо овошје што можеме да го купиме. Ова ги прави одличен избор за секој кој сака да се храни здраво, според диететичарите. Иако потекнуваат од Југоисточна Азија, тие растат сеприсутно во многу топли клими, што ги прави достапни ширум светот.

Бананите исто така содржат многу есенцијални хранливи материи и можат да помогнат во губење на тежината, варењето и здравјето на срцето, а бројни студии ги откриваат здравствените придобивки од ова вкусно овошје засновани на науката.

– подобрување на нивото на шеќер во крвта

– одржување на здравјето на дигестивниот систем

– придонесуваат за губење на тежината

– го намалуваат ризикот од болести на срцето и циркулаторниот систем

– подобрување на функцијата на бубрезите

– придонесуваат за дигестивно здравје.

# ДАЛИ КАПАЦИТЕТОТ НА БАТЕРИЈАТА СЕ НАМАЛУВА ДОДЕКА ЕЛЕКТРИЧНИОТ АВТОМОБИЛ Е ПАРКИРАН?



Сопствениците на електрични автомобили се загрижени и се запрашуваат: дали капацитетот на батеријата се намалува додека автомобилот е во мирување?

Одговорот на тоа прашање го даде Диксон Леов, генерален менаџер на австралиската компанија Infinitev, специјализирана за сервисирање на батерии на електрични возила.

Накратко, најточниот одговор е „можеби“.

„Ако навлегуваме подетално, тогаш ќе кажам дека иако автомобилот е во мирување – постои можност батеријата да губи капацитет. Доколку возилото е релативно ново, губењето на капацитетот не треба да се забележи неколку недели, на пример кога одите на одмор“, вели тој.

Колку батерија ќе се потроши додека автомобилот е во мирување зависи од неколку фактори, објасни Леов. Најважни се процентот на полнење на батеријата кога автомобилот е паркиран, староста на батеријата и надворешната температура.

„По правило, електричните возила губат околу еден до пет отсто од капацитетот на батериите за една година, а влошените услови го забрзуваат тој процес.

Со цел да ја одржувате здрава батеријата на вашиот електричен автомобил, паркирајте го автомобилот на место каде што температурата е умерена, по можност без директно изложување на сонце, особено во топло време. Исто така, добро е да ја полните батеријата колку што е можно повеќе.

Ако сте загрижени за здравјето на батеријата на вашиот електричен автомобил – на пример, ако не се полни целосно или ако се полни подолго од вообичаено – контактирајте со вашиот застапник бидејќи повеќето сервисни центри можат да извршат дијагностички тест што открива губење на целокупниот капацитет.

Повеќето електрични автомобили имаат гаранција за батеријата која трае осум години или 160.000 km и гарантира дека вашата батерија ќе задржи минимум 70 проценти од капацитетот на батеријата во тој период. Ако капацитетот на батеријата падне под тоа ниво во гарантниот период, можеби ќе можете бесплатно да ја замените батеријата, изјави Леов за Australia's Drive.

## хумор - хумор - хумор - хумор

Новинар интервјуираа милионер:

- Која е тајната на вашиот успех?

- Трпение, пријателу, трпение.

- Но јас можам да ви набројам илјадници случаи во кои не помага трпението!

- На пример?

- Да се носи вода со решето...

- Не сте во право, само треба трпение и тоа е можно. Земете го решетото и трпеливо почекајте ја зимата.

***

Студент оди на испит без да знае ништо. Професорот му задава 3 прашања, студентот не знае ништо и молчи. Професорот го зема индексот и таман се спрема да му напише 5-ка, студентот го прекинува:

- Професоре, а може ли јас да ви поставам три прашања. Ако ги одговорите турнете ме, ако не пишете ми 6-ка.

Професорот помислил малку и се согласил. Студентот прашува:

- Што е законски но нелогично? Што е логично, но незаконски? Што е ниту законски, ниту логично?

Професорот се мислел, се мислел, но не можел да ги одговори прашањата. Откако му пишал 6-ка, го прашал студентот да му ги каже одговорите. Студентот објаснил:

- Вие имате жена која е 30 години помлада од вас. Тоа е законски, но нелогично. Вашата жена има љубовник, тоа е логично но незаконски. А ниту логично, ниту законски е тоа што вие штотуку му пишавте 6-ка на љубовникот на вашата жена.

***

Полковник прашал некоја проститутка:

- Ќе го прифатите моето друштво за 100 евра?

- Малку е, ама се согласувам.

Полковникот се свртел и викнал:

- Друштвооо... вааааамууууу!

***

Русокоса родила близнаци и пријателките ја прашале дали се еднојајчани или двојајчани, а таа одговорила:

- Едното е двојајчано, а другото е девојче.



# Вардар и Работнички се враќаат во својот дом - Арената „Тодор Проески“



Првпат оваа сезона најтрофејниот македонски клуб ќе игра натпревар во својот природен дом и првопријавен домашен терен - Арената „Тодор Проески“.

Фудбалерите на Вардар ќе почекаат уште еден месец бидејќи теренот на овој најголем стадион е во реконструкција, но по натпреварот Македонија - Англија ќе биде во оптимална кондиција за одигрување на последните натпревари на Вардар и Работнички на домашен терен оваа есен.

Предвидено е Вардар да се врати на македонскиот најголем стадион на 10 декември на дуелот против Тиквеш во последното есенско коло.

Според најавите, и Вардар и Работнички треба да играат како домаќини на овој стадион во пролетниот дел од Првата фудбалска лига (ПМФЛ).

# ФК Вардар: Го осудуваме националистичкото дивеење на навивачите на стадионот во Чаир

Ден по дербито од 13. коло на ПМФЛ во Чаир, каде играа Шкупи и Вардар, се огласија „Комитите“ (кои го управуваат клубот) и истакнаа осуда за навивањето на домашните навивачи, кое го нарекоа националистичко. Од најтрофејниот македонски клуб реагираат за срамни извици и пораки упатени и кон убиениот Никола Саздовски – Саздо, како и пораките за Скопје да стане главен град на друга држава, и за истакнување на националистички пароли.

„Како клуб најостро го осудуваме националистичкото дивеење на домашните навивачи во населбата Чаир.

За време на целиот натпревар кон нашите фудбалери беа упатувани пиротехнички средства и навреди, а покрај тоа на трибините во неколку наврати беа истакнати силни националистички пораки, кои немаат никаква врска со спортот.

Недозволиви беа пораките со кои се бара Скопје, главниот град на Република Македонија, да стане главен град на друга држава. Тоа едноставно е недозволиво!

Покрај тоа срамни беа и извиците и пораките упатени на сметка на младото момче Никола Саздовски – Саздо, кое беше крвнички убиено од страна на навивачите од населбата Чаир. Поддршката која ја добија убијците на Никола е нешто што апсолутно треба да биде осудено и санкционирано!



***На истакнатиот текст пишува:„Ни оставија аманет, ќе го оствариме аманетот, градот Скопје е историско срце на Албанија“***

Секако, би сакале да истакнеме дека Управата на ФК Шкупи не пречека онака како што доликува, како што тоа ние го направивме на претходниот натпревар кога Вардар беше домаќин. Но, за жал наместо да доминира фудбалот и фер играта, доминираа политики кои апсолутно треба да бидат санкционирани!

Веруваме дека МВР и ФФМ како надлежни институции најбрзо ќе реагираат и ќе ги превземат неопходните мерки, со цел ваквите испади никогаш повеќе да не се повторат“, стои во соопштението на ФК Вардар.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

**Резултати 13. коло**

| | |
|---|---|
| БРЕГАЛНИЦА – МАКЕДОНИЈА ЃП | 2:3 |
| РАБОТНИЧКИ – СИЛЕКС | 1:0 |
| ТИКВЕШ – ГОСТИВАР | 2:2 |
| ВОСКА – БРЕРА | 1:1 |
| СТРУГА ТЉ – ШКЕНДИЈА | 2:1 |
| ШКУПИ – ВАРДАР | 2:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкупи | 13 | 8 | 4 | 1 | 28 |
| 2. Струга ТЉ | 13 | 9 | 0 | 4 | 27 |
| 3. Шкендија | 13 | 7 | 4 | 2 | 25 |
| 4. Силекс | 13 | 5 | 5 | 3 | 20 |
| 5. Брера | 13 | 4 | 4 | 5 | 16 |
| 6. Тиквеш | 13 | 4 | 4 | 5 | 16 |
| 7. Работнички | 13 | 5 | 1 | 7 | 16 |
| 8. Македонија ЃП | 13 | 4 | 3 | 6 | 15 |
| 9. Гостивар | 13 | 4 | 3 | 6 | 15 |
| 10. Брегалница | 13 | 4 | 2 | 7 | 14 |
| 11. Воска | 13 | 3 | 4 | 6 | 13 |
| 12. Вардар | 13 | 3 | 2 | 8 | 11 |

**МУ ПОТРОШИЛА МИЛИОНИ, А ТОЈ 15 ГОДИНИ ЈА СПАСУВАЛ ОД БАНКРОТ:**

# Викторија Бекам со години живеела од „џепарлак“, но сега се случил пресврт

Модниот бренд на Викторија Бекам за првпат по 15 години оствари профит. Таа со ентузијазам зборуваше за успехот на нејзината линија која за првпат е во плус со остварениот профит.



Викторија ја лансираше својата линија на облека во 2008 година, а нејзиниот сопруг Дејвид постојано ја извлекуваше од банкрот, пишува „The Sun“.

Дејвид вложил околу 34,5 милиони евра (A$57.4 милиони) за да го одржи нејзиниот бренд во живот, а сега се чини дека за првпат ќе има поврат на досегашниот влог.

Претходно оваа година, нејзиниот главен поддржувач, Дејвид Белхасен, ја дал првата позитивна прогноза за компанијата, велејќи дека се очекува да оствари профит по објавувањето на сметките во следниот месец, со приход зголемен за речиси 50 отсто на 58 милиони фунти.

Викторија забележала раст на продажбата откако низа познати ѕвезди, вклучувајќи ги Ким Кардашијан и супермоделот Џиџи Хадид, започнале да ја носат нејзината облека.

Тоа е добредојден пресврт за Викторија, која повеќе пати пријавувала загуби.

Во јануари сметките покажале дека имала загуба од 6,7 милиони евра. А вкупната загуба за бизнисот досега изнесуваат нешто повеќе од 76 милиони евра, од неговото лансирање.

- Сакам бизнисот да се развива и да остане автентичен - без разлика дали е мода, убавина, парфеми... Има толку многу работи што сакам да ги правам. Би сакала да нагласам, најскромно што можам, дека имам многу амбиции. Создавањето голема модна куќа е мојот сон – изјавила таа.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES

Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

## Бразилскиот „вундеркид" по стапките на Роналдо, во репрезентацијата од 17 години



Младата ѕвезда во Бразил, Ендрик - играчот на Палмеирас кој на крајот од сезоната 2023/24 се сели во Реал Мадрид - доби повик во А-репрезентацијата.

17-годишникот тргна по стапките на легендарниот напаѓач Роналдо и стана прв во 21 век кој е повикан на своја возраст во сениорскиот тим. Ендрик ќе биде дел од селекцијата во ноември и ќе чека шанса за деби против Колумбија или Аргентина. Привремениот селектор Фернандо Диниз направи исклучок и го повика новиот „вундеркид" во тимот, а останува да видиме дали ќе дебитира.

Ако се знае какви таленти имаше Бразил во претходните 25 години, какви сè фудбалери играа за репрезентацијата, но ниту еден од нив не доби толку рано шанса. Последен пред Ендрик беше Роналдо во далечната 1993 година.

Ендрик блеска во дресот на Палмеирас, сезонава одигра 47 натпревари во сите конкуренции и даде 11 гола, што за неговите години е одличен успех. Поради тоа Реал веќе одамна го договори неговиот трансфер, а Бразилците добро ќе заработат по завршување на сезоната.

## Тренерот на Ал Итихад доби отказ поради Бензема



Во соблекувалната на Ал-Итихад имало голема расправија меѓу тренерот Нуњо Еспирито Санто и главната ѕвезда во тимот, Карим Бензема.

Се пишуваше дека Санто би можел да добие отказ поради кавгата со Бензема. И тоа навистина се случи само ден подоцна. Португалскиот тренер доби отказ. Управата на саудискиот клуб застана на страната на фудбалерот затоа што тој е главната ѕвезда во тимот и е скапо платен.

Во Саудиска Арабија дел од фудбалските ѕвезди кои пристигнаа имаат поголемо влијание од тренерите кои очигледно треба да внимаваат како се однесуваат. Ситуации кои се чудни на пример за европскиот фудбал.

### СТЕФАН ЧОЛАКОВСКИ СО ГОЛ ЗА ТРИУМФ НА ПЕРТ ГЛОРИ

## Перт Глори – Централ Кост Маринерс 2:0

Поранешниот младински репрезентативец на Македонија, Стефан Чолаковски со погодок партиципираше во победата на Перт Глори од 2:0 против Централ Коуст Маринерс во 3. коло од А -лигата на Австралија.

Перт Глори дојде до првата победа сезонава токму благодарение на Чолаковски кој во игра влезе на почетокот од второто полувреме.

И веќе во 52. минута Чолаковски погоди за водство од 1:0 на својот тим, кој до крајот на мечот заокружи со конечни 2:0.

На другите средби беа постигнати следните резултати: Мелбурн Сити – Сиднеј 2:0; Велингтон Феникс – Бризбен Роар 5:2; Макартур – Вестерн Јунајтед 1:0; Мелбурн Виктори – Аделаид Јунајтед 1:1; Њукастел Џетс – Вестерн Сиднеј Вондерерс 2:2.

### А–ЛИГА НА АВСТРАЛИЈА

**ТАБЕЛА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Аделаид Јунајтед | 3 | 2 | 1 | 0 | 7 |
| Мелбурн Виктори | 3 | 2 | 1 | 0 | 7 |
| Велингтон Феникс | 3 | 2 | 1 | 0 | 7 |
| Макартур | 3 | 2 | 1 | 0 | 7 |
| Вестерн Сиднеј В. | 3 | 1 | 2 | 0 | 5 |
| Перт Глори | 3 | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Бризбан Роар | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Мелбурн Сити | 3 | 1 | 0 | 2 | 3 |
| Вестерн Јунајтед | 3 | 1 | 0 | 2 | 3 |
| Њукастел Џетс | 2 | 0 | 2 | 1 | 2 |
| Централ Кост М | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Сиднеј | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |



### ИДНО КОЛО

Мелбурн Виктори – Велингтон Феникс,
Вестерн Јунајтед – Њукастел Џетс,
Вестерн Сиднеј В. – Перт Глори,
Аделаид Јунајтед – Сиднеј,
Мелбурн Сити – Макартур,
Централ Кост М. – Бризбен Роар.

## Обид да ја киднапираат новородената ќерка на Нејмар, вооружени напаѓачи ги врзале родителите на неговата поранешна девојка



Вистинската драма се одвивала во вторникот утрината во домот на веќе поранешната девојка на бразилскиот репрезентативец Нејмар. Имено, крадци упаднале во куќата на Бруна Бјанкарди во Котија, во државата Сао Паоло (Бразил) и се обиделе да ја киднапираат неговата новородена ќерка Мави.

Осомничените биле вооружени и ги барале Бруна и нивната ќерка, но за среќа двете не биле во станот во моментот на упадот.

Соседите ги повикале властите откако забележале дека нешто чудно се случува во куќата, а како што пренесува весникот Р7, во станот биле родителите на неговата девојка кои биле врзани, но тие поминале без посериозни повреди.

По повикот, полицијата го опколила нејзиниот имот и успеала да уапси еден осомничен додека другите избегале со луксузни чанти, часовници и накит.

Според полицискиот извештај „во резиденцијата на Бруна влегле вооружени разбојници и ги врзале нејзините родители кои се на 50 и 52 години, по што и украле вредни работи од домот. Уапсен е 20-годишен маж, додека вториот сторител е идентификуван, а на третиот се работи забрзано на идентификација како и негово приведување".

Нејмар моментално се наоѓа во фаза на опоравување по извршената операција.




# Албанци не го ограбиле Меси затоа што многу го - почитувале!



Шеф на албанска мафија открива дека многу фудбалери биле нивни жртви на грабеж, но не и Лео Меси затоа што имаат посебна почит кон него.

Се работи за албанска мафија која оперира во Шпанија на чие чело е ликот што се претставува под името Алберто.

- Го имаме ограбено Карим Бензема. Влеговме и кај Кристијано Роналдо во неговата куќа во Мадеира, но немаше примамлив плен. Пред 11 години влеговме во куќата на Јохан Кројф, а не ни знаевме дека е негова. Сфативме каде сме кога ги видовме сликите на ѕидовите. Му украдовме предмети во вредност од околу 20 илјади евра, вели Алберто во интервју за шпанскиот медиум „Ел Еспањол".

- Неколкупати ги запирав луѓето кои сакаа да влезат во куќата на Меси. Се разбира дека не можам да ги запрам сите, но овојпат можев и многу сум горд на тоа. Можев сам да го ограбам Меси, имав можност да влезам во куќата на неговите родители пред околу една година. Но не го направив тоа бидејќи имам голема почит за Меси, се грижам за него.

# Нов трипл-дабл на Јокиќ, го помина Леброн на вечната листа!



Никола Јокиќ се качи на четвртото место на табелата со најмногу трипл-дабл учиноци во историјата на НБА, Србинот со нова блескава партија го предводеше Денвер до победа над Њу Орлеанс од 134:116.

Никола Јокиќ иако во мечот влезе со блага повреда, одигра спектакуларен натпревар, постигна 35 поени, имаше 14 скокови и 12 асистенции. Со овој трипл-дабл го помина Леброн Џејмс и се качи на четвртото место на вечната листа. Пред него се Расел Вестбрук, Оскар Робертсон и Меџик Џонсон.

## Го тужела клубот за неисплатени пари кога била трудна, па ја избркаа од првиот тим



Женскиот ракометен клуб Будуќност одлучи да и ја земе капитенската лента на Милена Раичевиќ (33) и да ја испрати во филијалата Рудар. Таа е една од најдобрите ракометарки и една од шесте легенди на клубот но од управата одлучија да ја избркаат од првиот тим. Причината е што таа го тужела клубот поради неисплатени пари во сезоната 2020/21 кога била бремена, пренесува „Вијести".

Од Будуќност навеле дека договорот бил заклучен за време на мандатот на претходната претседателка.

„Побарувањата кои се предмет на судска постапка ги сметаме за неосновани, затоа што Раичевиќ во наведената сезона не можела во потполност да ги исполнува обврските од договорот, а со тоа ни сега да бара подмирување на обврските во целост.

Заземен е став и неприфатливо е ракометарка која го тужи клубот во продолжение на сезоната да ја носи капитенската лента, поради што е отстранета од првиот тим.

Управниот одбор е принуден да донесе ваква одлука за да го сочува интегритетот на клубот, со напомена дека на Милена и е отворена вратата по завршување на судската постапка која ја покрена", соопштија меѓу другото од клубот.

На тоа имаше многу реакции на социјалните мрежи за постапката на најпопуларниот женски ракометен клуб во Црна Гора. „Вијести" заклучува дека Управниот одмор со оваа одлука не го зачувал интегритетот на клубот, напротив.

„Луѓето кои го презедоа управувањето со клубот решија да ја отстранат од тимот девојката која со `сините` освои 42 пехари, меѓу другите и два во Лигата на шампионите, која се врати по сериозни повреди и големи здравствени проблеми и беше моторот на тимот, секогаш кога беше на теренот", коментира „Вијести".

## Приходите на Формула 1 скокнаа за повеќе од A$264 милиони



Приходите од Формула 1 во третиот квартал од 2023 година достигнаа 887 милиони американски долари (речиси A$1.38 милијарди), што е за 172 милиони (A$264 милиони) повеќе од истиот период минатата година.

Како резултат на тоа, наградниот фонд, кој ќе биде поделен на десет Формула 1 тимови, се зголеми од A$575 на A$671 милион.

Помеѓу јули и септември оваа година, Формула 1 одржа осум трки, една повеќе во споредба со истиот период во 2022 година, иако во суштина двете најважни промени се трките во Сингапур и Јапонија, бидејќи организаторите на овие трки плаќаат високи хонорари за да бидат во календарот.

Овие две трки лани беа дел од последниот квартал во сезоната.

Генералниот директор на Формула 1, Стефано Доменикали, истакна дека трки се одржуваат на патеки со распродадени места за гледачите, дека популарноста на овој спорт се зголемува во медиумите и на социјалните мрежи и дека Формула 1 привлекува нови комерцијални партнери.

## ВОЛКАНОВСКИ ЌЕ СЕ БОРИ СО НЕПОРАЗЕНИОТ ГРУЗИЕЦ



Австралискиот борец со македонско потекло Александар Волкановски доби противник за УФЦ-настанот 298 што ќе се одржи во февруари следната година. Тој ќе ги одмери силите со Грузиецот Илија Топурија. Оваа вест ја потврди и првиот човек на УФЦ – Дејна Вајт.

Волкановски има скор од 26:3 во ММА, а на крајот од минатиот месец беше нокаутиран од Ислам Махачев. Од друга страна, Топурија има скор од 14:0 во ММА, од кои 6 се во УФЦ. Во последната борба кон крајот на јуни, го победи Џош Емет.




Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
Спорт
ISSN 1442-195X

# ТРКАТА ШТО ЈА ЗАПИРА НАЦИЈАТА:



# WITHOUT A FIGHT ГО ОСВОИ МЕЛБУРН КУП











За Мелбурн купот се тркаа 24 локални и меѓународни коњи со надеж да ја освојат најбогатата награда во Австралискиот спорт - Куп од 18-каратно злато за победникот и награда од $8,000,000 долари. Победник на коњската трка за Мелбурн Куп е џокејот Марк Захра со коњот Without a Fight, кој прв ја помина патеката од 3,200 метри.

На второто место беше коњот Soulcombe, а трет заврши Sheraz. Традицијата на трката што ја запира нацијата е долга и позната е како најголема награда на јужната хемисфера. Ова беше 163 издание, а првата трка за Мелбурн Куп е одржана во далечната 1881 година.

Интересно е што џокејот Марк Захра беше победник и минатата година и пак го освои најпрестижниот трофеј на австралиските коњски трки.

Покрај коњските трки хиподромот е познат и по својот гламур, посетата во Флемингтон беше голема и повторно Мелбурн блескаше со убавина и елеганција што жените ја носат на овој гламурозен настан. Се бираше најубата шапка и наубавата облечена жена, и преку целата седмица во Флемингтон има настани и убава можност да се почувствуваат сите убавини на прекрасниот Мелбурн.

ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au